ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-953/6
04-08-2021

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжението на 50-та, одржано на ден 22.07.2021 година, донесе

**Одлука**

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување во предметот со број 09-953/1 од 01.03.2021 година, по што се запира постапувањето по овој предмет.

Предметот со број 09-953/1 од 01.03.2021 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09-953/1 од 01.03.2021 година е оформен по сопствена иницијатива врз основа на редовна проверка на Образецот - Изјавите за интереси поднесена од -------- ------ ------ В.Д Директор на СОУ „-------- ----------- " -----, поради тоа што по именување на наведената функција, управувала како сопственик со трговско друштво ДПТУ -------- -----------ДООЕЛ ------, што е спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интересите.

Имено, согласно наведениот член:

*(1) Лице кое стапува на функција на избрано или* ***именувано*** *лице, со исклучок на лицата кои стапуваат на функција која не се извршува професионално,* ***доколку управува со трговско друштво*** *или установа како сопственик, е должно пред да стапи на функцијата управувањето да му го довери на друго лице или тело, освен на членови на неговото семејство, за времето на вршењето на функцијата, јавните овластувања или должности.*

Лицето -------- ----------- со акт 09-4108/3 од 15.09.2020 година е именувано за ВД Директор на СОУ „-------- ----------- " ------- . По проверка во Дистрибутивен систем на Централен Регистар на Република Северна Македонија на ден 12.02.2021 година е утврдено дека наведеното лице е управител со трговско друштво ДПТУ -------- -----------ДООЕЛ ------.

Согласно член 77 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси Одлука за констатиран судир е доставена до службеното лице -------- -----------, ВД Директор на СОУ „-------- ----------- " ----- со која му се укажува на неопходноста да го отстрани судирот на интереси, односно управувањето со трговско друштво ДПТУ -------- ----------- ДООЕЛ ----- да го довери на друго лице или тело, освен на членовите на неговото семејство.

Врз основа на вака констатирана фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата, на седницата одржана на 12.02.2021 година, одлучи согласно член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси да се поведе и постапка на порамнување со издавање на прекршочен платен налог против службеното лице -------- --------

--- која по избор на функцијата В.Д Директор на СОУ „-------- ----------- " -----, продолжило да управува како сопственик со трговско друштво, односно управувањето не му го доверил на друго лице или тело, освен на членовите на неговото семејство со што е постапено спротивно на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, и казнив согласно член 105 став 1 алинеја 2 од истиот закон.

Врз основа на член 114 став 3 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија на именуваното лице му издаде и достави прекршочен платен налог за повреда на член 45 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 105 став 1, алинеја 2 од истиот закон.

На ден 18.03.2021 година, службеното лице -------- ----------- достави известување за постапување со прилог доказ: налог за извршена уплата на половина на глобата изречена со прекршочниот платен налог, како и тековна состојба Централен Регистар на Република Северна Македонија за ДПТУ „-------- -----------„ ДОО ------- со направена промена на управителската функција, со што во целост е постапено по барањето на државната комисија.

Согласно погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: Н.Б. член на ДКСК